БЕЗБЕДНА И ПРЕЦИЗНА НЕВРОХИРУРГИЈА ACIBADEM SISTINA



# ЗАСТРЕЛАНО МОМЧЕ ПРЕД СВОЈАТА КУЌА ВО СКОПЈЕ Кавгата со соседите прераснала во крвопролевање

Недоразбирање за сообраќајна ситница заврши со оружје, 25-годишен скопјанец прострелан пред својот дом.

Од **Плусинфо** — Објавено **06/08/2025 14:12:25** СКОПЈЕ




Сподели 1,361

О.Е. (25) од Скопје бил застрелан во градниот кош и раката и со повреди од огнено оружје бил пренесен во Ургентниот центар при Клиничкиот комплекс „Мајка Тереза“. Настанот, како што информира МВР, се случил ноќеска околу 00:30 часот пред неговиот дом во скопската населба Бит Пазар.

Според пријавата, сè започнало со недоразбирање во сообраќајот помеѓу О.Е. и неговиот сосед Ќ.Ч., кое прераснало во жестока расправија, а потоа и во физички напад врз О.Е.

По тоа, Ќ.Ч. заедно со лицата М.Ч., Ш.Ч., О.Ч. и Б.М. насилно влегле во дворот на О.Е., каде ги нападнале и неговиот татко Д.Е. и братот М.Е. Во текот на нападот, Ќ.Ч. извадил пиштол и испукал неколку куршуми, при што го погодил О.Е. во градниот кош и раката.

На местото на настанот увид извршила екипа од СВР Скопје, при што биле пронајдени три чаури од огнено оружје.

Од Министерството за внатрешни работи информираат дека се преземаат мерки за целосно расчистување и документирање на случајот, по што ќе бидат поднесени соодветни пријави против сторителите.

**Можеби ќе ве интересира**

УБИЕН ПРИПАДНИК НА АРМ ВО БАТИНЦИ Донесен во болница без… — Плусинфо • 11/07/2025

СКОПЈАНКА СО НОЖ СЕ ЗАКАНУВАЛА НА МАЈКА И ДЕТЕ Соседска… — Плусинфо • 01/07/2025

Бит Пазар инцидент | МВР извештај | напад сосед | огнено оружје | повреден маж | престрелка Скопје | Скопје криминал

Сподели 1,361

ПРЕТХОДНО
АЛБАНИЈА ЌЕ ЈА ГРАДИ ПРУГАТА ДРАЧ – РОГОЖИНА Обезбеди 120,5 милиони евра преку европски банки и инвстициски грантови

СЛЕДНО
ВО РОК ОД 1 МЕСЕЦ ЌЕ СЕ ИЗДАВААТ ДОЗВОЛИ ЗА КРОВНИ ФОТОВОЛТАИЦИ Се зголемува прагот за домаќинствата до 10 kW, а за компаниите 70 kW

## Поврзани содржини

СКОПЈЕ — ПРИВЕДЕН ГЕРМАНЕЦ ВО СКОПЈЕ Странецот имал симбол што шири омраза на мотоциклот

СКОПЈЕ — 11-ГОДИШНО ДЕВОЈЧЕ ПОВРЕДЕНО НА СКОПСКИ БУЛЕВАР Во неа удрил млад возач со „ауди“

СКОПЈЕ — СПОМЕН ПЛОЧА ЗА ЖРТВИТЕ ОД ПОПЛАВИТЕ ВО СТАЈКОВЦИ Следната година Гази Баба ќе…

< ПРЕТХОДНО | СЛЕДНО >

ПОТКАСТ .ИНФО plusinfo.mk СЛЕДЕТЕ НÈ НА YouTube

## Останете со нас

Facebook Likes | Like our page
Twitter Followers | Follow Us
RSS Subscribe | Subscribe
Plusinfomk Subscribe | Subscribe

## Најчитани

ВНИМАВАЈТЕ, ГРЦИЈА ВОВЕДУВА ДРАСТИЧНИ КАЗНИ ЗА ВОЗАЧИ Нов… — Плусинфо • 06/08/2025

ОПЕРАЦИЈАТА ТРАЕЛА СО ЧАСОВИ, МИНИСТЕРОТ ГЛИШИЌ Е НА… — Плусинфо • 05/08/2025

ИСТ ПОЛИЦАЕЦ, ИСТО МААЛО, СЕКОЈ ДЕН Тошковски најави… — Војислав Мојсовски… 06/08/2025

ДОАЃА НОВ АФРИКАНСКИ БРАН Температурите ќе пораснат до 38… — Плусинфо • 06/08/2025

Тоа што молчите за антимакедонските тиради на Тричковски… — Бранко Героски • 06/08/2025

## Колумни

Тоа што молчите за антимакедонските тиради на Тричковски… — Бранко Героски • 06/08/2025

Историските приказни не секогаш победуваат, во Скопје… — Јове Кекеновски • 06/08/2025

Хушкачите во сите наши „светови“ — Златко Теодосиевс… 05/08/2025

Говор што инспирира со простор за конкретизација — Јове Кекеновски • 03/08/2025



© 2025 - plusinfo.mk. All Rights Reserved. © Developed by: Unet